Врз основа на член 57 алинеа 9 од Законот за високото образование, а во согласност со член 31 од Правилникот за единствениот кредит систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот, Ректорската управа, на 107-та седница одржана на ден 09.06.2009 година, го донесе следново

# УПАТСТВО
# ЗА НАЧИНОТ НА ОЦЕНУВАЊЕ НА КОЛКВИУМИТЕ И ДРУГИ ФОРМИ НА КОНТИНУИРАНО ОЦЕНУВАЊЕ, КАКО И ФОРМАТА НА ЕВИДЕНЦИЈА НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ

Член 1

Наставните дисциплини од студиската програма можат да се полагаат: ***континуирано*** - преку колоквиуми или ***на завршно оценување***.

Член 2

Утврдувањето на конечниот број освоени бодови, односно конечната оценка од определените наставни дисциплини за редовните студенти се врши на два начина, и тоа преку:

- колоквиуми и
- завршно оценување.

Член 3

Доколку полагањето се врши преку колоквиуми, тогаш студентот полага два колоквиуми, а оценувањето се врши на следниов начин:

- оценување на колоквиумите се врши со поени од 0 до 80, при што за положување на соодветниот колоквиум потребно е освојување на минимум 41 поен, при што при формирањето на оценката се зема просечниот број на поени освоени на двата колоквиуми.

Член 4

Останатите 20 поени до вкупниот број од максимум 100 поени се добиваат врз основа на другите активности и резултати на студентите и тоа:

- **прва група – 10 поени**:
    - присуство и активност на предавањата;
    - присуство и активност на вежби;
- **втора група – 10 поени**:
    - изработка на семинарски труд;
    - самостојна (домашна) работа;
    - изработени или реализирани проекти/програми.
- **трета група – 5 поени**:
    - менторство на други студенти;
    - освоени награди или пофалници;
    - учество на семинари;
    - учество на симпозиуми и
    - други активности предвидени со предметната програма.

Распределбата на поените за конкретните активности од претходно наведените групи ја врши предметниот наставник кој е должен истата да им ја стави на увид на студентите на почетокот на наставата по соодветната наставна дисциплина.

Максималниот број поени од сите активности од овој член потребен за формирање на завршната оценка не може да биде поголем од 20.

Член 5

Материјалите врз основа на коишто се доделени поени од континуираното оценување по основ на колоквиуми и на другите активности (семинарски, проекти и слично), предметниот наставник е должен да ги чува најмалку 6 (шест) месеци од објавувањето на резултатите.

Член 6

Утврдувањето на вкупниот број поени од колоквиумите, другите активности и завршното оценување како и формирањето на конечната оценка, наставникот го утврдува во посебен формулар за постигнатите резултати од полагањето на испитот што е даден во прилогот број 1 на ова упатство.

Член 7

Доколку студентот ги положи двата колоквиуми и заедно со другите активности од континуираното оценување освои повеќе од 50 поени истиот поднесува испитна пријава за завршно оценување во редовните испитни рокови при што студентот не се јавува на завршното оценување.

Член 8

Пред објавувањето на резултатите од завршното оценување, предметниот наставник е должен да објави прелиминарна листа за постигнатите резултати на студентите коишто предметот го полагале преку континуирано оценување.

Листата од претходниот став ги содржи поените освоени на колоквиумите и другите форми на континуирано оценување.

Член 9

Предметниот наставник врз основа на претходно објавените резултати од колоквиумите и другите активности ја формира конечната оценка и истата ја објавува во резултатите за завршно оценување од соодветниот испитен рок.

Член 10

Предметниот наставник е должен да достави примерок од објавените резултати од соодветниот испитен рок во прилог на списокот и записникот на кандидатите коишто го полагале испитот, до Службата за студентски прашања, при што бројот на положени кандидати истакнати на списокот со резултатите од завршното оценување треба да е идентичен со бројот и оценките на кандидатите внесени во записникот за спроведување на испитот.

Член 11

Резултатите од колоквиумите се објавуваат задолжително, при што наставникот е должен да чува примерок од истите, а еден примерок се доставува до архивата на единицата на Универзитетот и се чува согласно правилата за архивската граѓа.

Член 12

Доколку студентот го положи првиот колоквиум, на завршното оценување го полага само вториот колоквиум во испитните сесии во тековната академска година до евентуалното повторно запишување на предметот.

Член 13

Редовните студенти коишто не го положиле, односно не го полагаат испитот преку колоквиуми, т.е. го полагаат испитот само преку завршно оценување, се оценуваат со

поени од 0 до 80, при што услов за положување на завршниот испит се освоени минимум 41 поен, но и освоени најмалку уште 10 поени од другите активности, согласно член 4 од ова Упатство, што значи вкупно над 50 поени. Доколку студентот освои повеќе од 50 поени само на завршното оценување, тогаш за позитивна оценка не му се потребни дополнителен број поени од другите активности.

Член 14

Утврдувањето на вкупниот број на поени од завршното оценување и другите активности и формирањето на конечната оценка, наставникот го утврдува во посебен формулар за постигнатите резултати од полагањето на испитот што е даден во прилогот број 1 на ова Упатство.

Член 15

Утврдувањето на вкупниот збир поени и формирањето на конечната оценка за вонредните студенти може да се врши на два начини, и тоа во зависност од тоа дали:

- студентот посетува редовна или кондензирана настава;
- студентот не посетува редовно настава.

Член 16

Доколку студентот посетува редовна настава оценувањето се врши во согласност со член 3, 4 и 7 од ова Упатство.

Член 17

Утврдувањето на вкупниот број на поени од колоквиумите, другите активности и завршното оценување и формирањето на конечната оценка, наставникот го утврдува во посебен формулар за постигнатите резултати од полагањето на испитот што е даден во прилогот број 1 на ова упатство.

Член 18

Доколку вонредниот студент посетува кондензирана настава, истиот може да освои дополнителни поени во согласност со член 4, став 1, алинеја 1 од ова Упатство.

Член 19

Доколку вонредниот студент не посетува редовно настава и вежби, и го полага испитот само преку завршното оценување, тогаш се оценува со поени од 0 до 80, при што услов за положување на завршниот испит се освоени минимум 41 поен, но и освоени најмалку уште 10 поени од другите активности, согласно член 18 од ова упатство, што значи вкупно над 50 поени. Доколку студентот освои повеќе од 50 поени само на завршното оценување, тогаш за позитивна оценка не му се потребни дополнителен број поени од другите активности.

Член 20

Утврдувањето на вкупниот број поени од завршното оценување и другите активности и формирањето на конечната оценка, наставникот го утврдува во посебен формулар за постигнатите резултати од полагањето на испитот што е даден во прилогот број 1 на ова упатство.

Член 21

Формирањето на конечната оценка од континуираната проверка на знаењата, завршното оценување и останатите активности во рамките на предметната програма се врши врз основа на вкупниот број освоени поени по сите основи, и тоа:

- од 0 до 50 поени: оценка 5 (пет);
- од 51 до 60 поени: оценка 6 (шест);
- од 61 до 70 поени: оценка 7 (седум);
- од 71 до 80 поени: оценка 8 (осум);
- од 81 до 90 поени: оценка 9 (девет);
- од 91 до 100 поени: оценка 10 (десет).

Член 22

Доколку при утврдувањето на конечниот број поени се појават децимали, се врши заокружување на бројот на следниов начин: ако првата децимала е помала од 5 се заокружува претходниот цел број, а ако истата е еднаква или поголема од 5 се заокружува следниот цел број.

Член 23

Упатството влегува во сила со денот на објавувањето во Билтенот на Универзитетот, а ќе се применува најдоцна од 15.09.2009 година.

**Р е к т о р**
**проф. д-р Златко Жоглев с.р.**

**Прилог бр. 1**

# Резултати
## од испитот по предметот ____________________
## одржан на ден __________________ год. во _______ часот

| | **ПРЕДМЕТ** | *И колоквиум* | *ИИ колоквиум* | *(И+ИИ)/2 просек или завршно оценување* | *Присуство* | *Активност* | *Семинарска* | *Проект* | *Други активности** | | | Збир | Конечна оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| р.б. | Име и презиме | поени | поени | поени | поени | поени | поени | поени | поени | поени | поени | вкупно поени | |
| 1. | Петрески Петре | 45 | 80 | 62,5 | 2 | 6 | 5 | 5 | 0 | 1 | 0 | 81,5 | **9 (девет)** |
| 2. | Петрески Петре | 60 | 51 | 55,5 | 5 | 0 | 0 | 5 | 1 | 2 | 1 | 69,5 | **7 (седум)** |
| 3. | Петрески Петре | 41 | 41 | 41,0 | 0 | 10 | 5 | 5 | 0 | 2 | 0 | 63,0 | **7 (седум)** |
| 4. | Петрески Петре | 80 | 80 | 80 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 80 | **8 (осум)** |
| 5. | Петрески Петре | 80 | 80 | 80 | 8 | 0 | 5 | 5 | 0 | 1 | 1 | 100 | **10 (десет)** |

* да се наведат другите активности врз основа на кои се доделени поени.

Предметен наставник

_________________________